Уп. бр. 08-36

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Корпорацијата ЈАГЕО (YAGEO Corporation), со регистрирано седиште на 3Ф, 233-1, Баокиао Роуд., област Ксиндиан., Нов Тајпеј Сити 23145, Тајван, преку Љупка Новеска Андонова адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 12.03.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Корпорацијата ЈАГЕО (YAGEO Corporation), со регистрирано седиште на 3Ф, 233-1, Баокиао Роуд., област Ксиндиан., Нов Тајпеј Сити 23145, Тајван ќе стекне самостојна контрола над ШИБАУРА ЕЛЕКТРОНИКС Ко., Лтд (SHIBAURA ELECTRONICS Co., Ltd), со регистрирано седиште на 2-1-24, Камиочиаи, Чуо-ку, Саитама Сити, Саитама 338-0001, Јапонија, преку стекнување на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 14.02.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Корпорацијата ЈАГЕО (YAGEO Corporation), со регистрирано седиште на 3Ф, 233-1, Баокиао Роуд., област Ксиндиан., Нов Тајпеј Сити 23145, Тајван, со која Корпорацијата ЈАГЕО ќе стекне самостојна контрола над ШИБАУРА ЕЛЕКТРОНИКС Ко., Лтд (SHIBAURA ELECTRONICS Co., Ltd), со регистрирано седиште на 2-1-24, Камиочиаи, Чуо-ку, Саитама Сити, Саитама 338-0001, Јапонија, преку стекнување на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Корпорацијата ЈАГЕО е глобален давател на услуги за 15 решенија за електронски составни делови (компоненти), нудејќи широк избор на технологии за пасивни составни делови (компоненти) од некои од широко познатите во индустријата брендови „ЈАГЕО”. Корпорацијата ЈАГЕО е котирана на Тајванската берза (2327-TW).

Корпорацијата ЈАГЕО била присутна во Северна Македонија во 2024 година преку своето зависно друштво во целосна сопственост - Друштво за производство, трговија и услуги КЕМЕТ ЕЛЕКТРОНИКС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 6685862, регистрирано седиште во Технолошка индустриска развојна зона бр. 1 ББ, Илинден, Северна Македонија и регистрирана приоритетна дејност: 26.11 – производство на електронски составни делови (компоненти).

ШИБАУРА ЕЛЕКТРОНИКС Ко., Лтд е глобален лидер на пазарот на термистори. ШИБАУРА ЕЛЕКТРОНИКС Ко., Лтд котира на Токиската берза и вработува повеќе од 4.800 лица и остварува приходи во износ од над JPJ 32 милијарди ширум светот. ЈАГЕО разумно претпоставува[1] дека Шибаура не било присутно во Северна Македонија во 2024 година преку регистрирано зависно друштво.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

---

[1] Корпорацијата ЈАГЕО не е во можност да добие прецизни информации за деловните активности на ШИБАУРА ЕЛЕКТРОНИКС Ко., Лтд во Северна Македонија (или глобално) бидејќи Предложената трансакција вклучува непријателско преземање (*hostile takeover*) на акции. Следствено, Корпорацијата ЈАГЕО се потпира единствено на јавно достапните информации за Шибаура.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**